**20100661190**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 38 став 2 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08 и 33/10) и член 20 став 3 од Законот за стручното образование и обука („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/06, 117/08 и 148/09), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ НА УЧЕНИЦИТЕ НА ИСПИТИТЕ ВО ДРЖАВНА МАТУРА ВО ГИМНАЗИСКОТО, СТРУЧНОТО И СРЕДНОТО УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се уредуваат начинот на полагањето и оценувањето на резултатите на учениците на испитите во државната матура во гимназиското образование, стручното образование со четиригодишно траење (во натамошниот текст: стручно образование) и во уметничкото образование.

### Член 2

Државната матура во гимназиското, стручното и уметничкото образование (во натамошниот текст: државна матура) е испит со кој ученикот (во натамошниот текст: кандидатот) го завршува гимназиското, стручното или уметничкото образование.

Државна матура може да полага кандидат кој ја завршил последната година на гимназиското, стручното, односно уметничкото образование.

Државна матура може да полага и кандидат кој претходно положил училишна матура во гимназиското образование или училишна матура во уметничко образование или завршен испит во стручното образование, но не во истата учебна година.

Државна матура може да полага и кандидат кој полагал матура во рамките на програмата за меѓународна матура или друг вид на завршен испит во средното образование со четиригодишно траење.

Државна матура може да полага и кандидат кој завршил четиригодишно средно образование во странство и се здобил со нострифицирана диплома.

### Член 3

Кандидатите со посебни образовни потреби кои следат настава во гимназиско, стручно или во уметничко образование полагаат прилагодена државна матура согласно овој правилник, што им овозможува полесно да ги искажат своите знаења и способности.

### Член 4

Државната матура се полага согласно утврдената структура и начин во Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование (во натамошниот текст: Концепција).

### Член 5

Државната матура во гимназиското образование се состои од:

Задолжителен дел - еден наставен предмет:

- за кандидатите кои следат настава на македонски јазик: македонски јазик и литература,

- за кандидатите кои следат настава на албански јазик: албански јазик и литература, и
- за кандидатите кои следат настава на турски јазик: турски јазик и литература.

Изборен дел - три општообразовни наставни предмети;

Проектна задача од еден наставен предмет или од една образовна област.

Кандидатот, покрај трите наставни предмети, може да избере да полага и уште најмногу други два наставни предмети од листата на предмети за изборниот дел.

Член 6

Државната матура во стручното образование се состои од:

Задолжителен дел - еден наставен предмет:

- за кандидатите кои следат настава на македонски јазик: македонски јазик и литература,
- за кандидатите кои следат настава на албански јазик: албански јазик и литература, и
- за кандидатите кои следат настава на турски јазик: турски јазик и литература.

Изборен дел - три наставни предмети од кои два општообразовни наставни предмети, и еден е стручен предмет;

Проектна задача од еден наставен предмет или од една образовна област.

Кандидатот, покрај трите наставни предмети, може да избере да полага и уште најмногу други два наставни предмети од листата на предмети за изборниот дел.

Член 7

Државната матура во уметничкото образование се состои од:

Задолжителен дел - еден наставен предмет:

- за кандидатите кои следат настава на македонски јазик: македонски јазик и литература,
- за кандидатите кои следат настава на албански јазик: албански јазик и литература, и
- за кандидатите кои следат настава на турски јазик: турски јазик и литература.

Изборен дел – три наставни предмети од кои два општообразовни наставни предмети, и еден е стручен предмет.

Проектна задача од еден наставен предмет или од една образовна област.

Кандидатот, покрај трите наставни предмети, може да избере да полага и уште најмногу други два наставни предмети од листата на предмети за изборниот дел.

Член 8

Проверувањето и оценувањето на знаењата и способностите на кандидатите по наставните предмети од задолжителниот дел и од изборниот дел од државната матура за гимназиското образование, како и од задолжителниот дел и од општообразовните изборни предмети од изборниот дел за стручното и уметничкото образование се врши екстерно (во натамошниот текст: екстерен дел од испит, односно екстерен испит).

Проверувањето и оценувањето на екстерните делови од испитите и екстерните испити го вршат надворешни оценувачи.

Проверувањето и оценувањето на знаењата и способностите на кандидатите за „Говорење” во мајчините јазици и „Зборување” во странските јазици, како и на испитите од стручниот предмет во стручното образование и уметничкото образование се врши интерно (во понатамошниот текст: интерен дел од испит, односно интерен испит).

Проверувањето и оценувањето на интерните делови од испитите и интерните испити се врши од страна на училишните предметни комисии, согласно испитните програми.

Проверувањето и оценувањето на проектната задача во гимназиското, стручното и уметничкото образование се врши интерно пред соодветна комисија од училиштето, согласно испитните програми.

Член 9

Во спроведувањето на државната матура учествуваат локални координатори, тестатори и набљудувачи согласно одредбите на овој правилник.

## II. ИСПИТНИ РОКОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА МАТУРА

Член 10

Државната матура се полага во два испитни рока: јунски и августовски испитен рок.

Во августовскиот испитен рок полагаат оние кандидати кои во јунскиот испитен рок не положиле дел или сите испити од државната матура односно од оправдани причини не полагале државна матура или дел од државната матура во јунскиот испитен рок или била изречена мерка прекинување (отстранување) од испитот.

Кандидатот кој за прв пат полага државна матура ја полага во целина во истиот испитен рок.

Испитите од државната матура кои кандидатот не ги положил, ги полага во наредниот испитен рок.

Кандидатот со посебни образовни потреби може државната матура да ја полага на делови ( во јуни и во август).

Наставниот предмет кој се полага во рамките на државната матура е целина (се однесува на наставен предмет кој се состои од два дела).

Член 11

Екстерните испити и екстерните делови од испитите сите кандидати во државата ги полагаат на ист датум и во исто време, согласно Календарот за организација на учебната година во јавните средни училишта.

Интерните делови од испитите и интерните испити се спроведуваат во термини утврдени од училишната матурска комисија (во понатамошниот текст: УМК) на предлог на соодветните училишни предметни комисии согласно Календарот за организација на учебната година во јавните средни училишта.

Проверувањето и оценувањето на проектните задачи се спроведува во термините утврдени од УМК на предлог на соодветните училишни комисии за проектни задачи согласно Календарот за организација на учебната година во јавните средни училишта.

Времетраењето на секој испит е утврдено со испитната програма.

За текот на испитот се води записник.

Член 12

Термините за полагање на испитите од државната матура се објавуваат на училишната огласна табла најдоцна еден месец пред почетокот на полагањето на државната матура.

Член 13

Кандидатот во еден ден може да полага најмногу еден испит.

Испитите од државната матура може да се спроведуваат и во сабота.

## III. ПРИЈАВУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА МАТУРА

Член 14

За полагање на државна матура во јунскиот испитен рок кандидатот се пријавува со поднесување на пријава во училиштето каде што е запишан, најдоцна до 31 декември во тековната учебна година.

Податоците за кандидатите кои се пријавуваат да полагаат државна матура се обработуваат од страна на Државниот испитен центар (во натамошниот текст: ДИЦ). Податоците за пријавените кандидати: име, татково име и презиме; датум на раѓање; место на живеење; степен на образование на родителите; наставен јазик на кој ја следи наставата; вид на образование (насока/струка, образовен профил); дали е ученик со посебни образовни потреби и од кој тип, завршни училишни оценки по предметите од екстерниот дел од државната матура, од страна на УМК се внесуваат во базата на податоци за државна матура (во понатамошниот текст: база на податоци) најдоцна до 31 јануари.

За пријавените кандидати ДИЦ доставува списоци со податоци до УМК најдоцна до 15 февруари.

УМК доставува потврдени списоци со податоци за пријавените кандидати до ДИЦ најдоцна до 1 март.

За полагање на државна матура во августовскиот испитен рок кандидатот се пријавува со поднесување на пријава во училиштето каде што е запишан, во рок од два дена по објавувањето на конечните резултати од јунскиот испитен рок.

Во августовскиот испитен рок можат да се пријавуваат само кандидати кои се пријавиле во јунскиот испитен рок во тековната година.

Податоците за пријавените кандидати за полагање во августовскиот испитен рок од страна на УМК, се внесуваат во базата на податоци во ДИЦ во рок од еден ден по завршеното пријавување.

За пријавените кандидати ДИЦ доставува списоци со податоци до УМК најдоцна четири дена по завршеното пријавување.

УМК доставува потврдени списоци за сите пријавени кандидати до ДИЦ, најдоцна еден ден по приемот на доставените списоци.

Член 15

Вонредните кандидати се пријавуваат во училиште кое изведува наставен план и програми по кои претходно се образувале.

Вонредните кандидати се пријавуваат согласно роковите за пријавување од став 1 и став 5 на член 14 од овој правилник.

Член 16

Кандидатот кон пријавата приложува свидетелство за завршена прва, втора, трета и четврта година на образованието како доказ за исполнување на условите за полагање на државна матура, најдоцна десет дена пред започнувањето на јунскиот испитен рок.

Доказите од став 1 на овој член не се однесуваат за полагање на проектната задача.

Кандидатите кои полагаат прилагодена државна матура, заедно со пријавата приложуваат наод и мислење од соодветна установа за степенот на способноста.

Кандидатот кој не ги приложил доказите од ставовите 1 и 3 на овој член не може да полага државна матура.

Член 17

Ако кандидатот од оправдани причини не го пријавил испитот навреме, согласно овој правилник, треба да го направи најдоцна до 15 февруари за јунскиот испитен рок и еден ден по завршувањето на пријавувањето во августовскиот испитен рок.

Оправдани причини за ненавремено пријавување за полагање на испитите во државна матура може да бидат:

- болест или лекување;
- вонредни околности: природни несреќи, несреќен случај на кандидатот или член во потесното семејство, сообраќајна несреќа со потешки последици;

- други оправдани причини (меѓународни натпревари, конкурси, јавни настапи во странство и слично).

Кандидатот за причините од став 1 на овој член треба да приложи писмен доказ до УМК.

Член 18

Ако кандидатот од оправдани причини го прекинал полагањето или не може да полага државна матура, УМК врз основа на писмените докази може да му овозможи во истиот испитен рок да го полага испитот.

Оправдани причини за неучество или прекинување на испит или државна матура се:

- болест или лекување;

- вонредни околности: природни несреќи, несреќен случај на кандидатот или член во потесното семејство, сообраќајна несреќа со потешки последици, влошување на здравствената состојба меѓу испитите и др.;

- други оправдани причини (меѓународни натпревари, конкурси, јавни настапи во странство и слично).

Кандидатот за причините од став 1 на овој член треба да приложи писмен доказ до УМК.

Случаите од став 1 на овој член не се однесуваат на екстерните испити.

## IV. ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТИ НА ДРЖАВНАТА МАТУРА

Член 19

Државните матурски предметни комисии за секоја учебна година, за екстерните испити подготвуваат испитни задачи доволно за најмалку три испитни комплети.

Претседателите на државните матурски предметни комисии, од испитните задачи, подготвуваат три испитни комплети, во кои се содржи тест за јунскиот испитен рок, тест за августовскиот испитен рок и резервен тест.

Секој испитен комплет за екстерниот испит се состои од тест, листи за одговори и упатство за оценување.

Испитните комплети по соодветните предмети претседателите на државните матурски предметни комисии ги доставуваат до ДИЦ.

Еден ден пред започнувањето на испитот по одреден предмет ДИЦ го доставува испитниот материјал по тој предмет во потребен број на примероци до претседателот на УМК.

Училишната предметна комисија за секоја учебна година подготвува по три испитни комплети за интерниот испит врз основа на испитната програма по соодветниот предмет (еден испитен комплет за јунскиот рок, еден за августовскиот и еден резервен комплет).

Претседателот на училишната предметна комисија испитните комплети ги доставува до претседателот на УМК, три дена пред започнувањето на испитот.

Еден испитен комплет за интерниот испит се состои од тест, упатство за оценување и скали за претворање на бодовите во оценки.

Претседателот на УМК се грижи за заштита на тајноста на испитниот материјал и за обезбедување на потребниот број тестови и упатства за оценување.

Член 20

Државната матура кандидатот ја полага во училиштето во кое ја завршил последната година на образованието.

Кандидатот со нострифицирана диплома или свидетелство, државната матура ја полага во училиштето во кое се пријавил.

За екстерните испити за кои бројот на пријавените кандидати од училиштето е помал од 30, може да се спроведе полагање на тие испити на друга локација определена од ДИЦ.

Член 21

Кандидатот најдоцна еден месец пред почнувањето на јунскиот испитен рок се запознава со постапките за спроведување на испитите.

Претседателот на УМК се грижи за правилно и навремено информирање на кандидатите.

Член 22

Кандидатот кој завршил четврта година, а не положил државна матура може да полага државна матура во наредните учебни години.

На кандидатите кои претходно положиле училишна матура во гимназиско или училишна матура во уметничко образование или завршен испит во стручно образование, а наредните учебни години полагаат државна матура, за положени им се признаваат интерниот дел по испитот од задолжителниот дел, проектната задача, како и интерните испити по стручните предмети кои се засновани на истата испитна програма.

На кандидатите кои ја положиле проектната задача а не ја завршиле четврта година од средното образование, им се признава за положена проектната задача.

Член 23

Во исклучителни случаи на спреченост на започнување на екстерниот испит во определеното време, УМК може да го одложи започнувањето на испитот најмногу до 30 минути и за тоа се известува ДИЦ.

Во случај на непредвидени околности пред започнувањето на испитот, ДИЦ може да одлучи во училиштето испитот да започне со задоцнување поголемо од 30 минути од однапред определеното време.

Во случаите од ставовите 2 и 3 на овој член тестаторот се грижи кандидатите да не ја напуштат просторијата во која се распоредени.

Член 24

За кандидатите кои полагаат писмен екстерен испит, распоредот на кандидатите по простории се подготвува од ДИЦ. Податоците за распоредот на кандидатите по простории се објавуваат од УМК на училишната огласна табла или на друго видливо место достапно за кандидатите еден ден пред почетокот на испитот.

Податоците за распоредот на кандидатите по простории до нивното објавување на огласна табла се чуваат во тајност.

УМК, за интерните писмени испити, најдоцна една седмица пред испитот прави распоред на кандидатите по простории. Распоредувањето на кандидатите по простории се прави по азбучен ред од сите кандидати кои што полагаат државна матура.

Списоците за распоредот на кандидатите по простории за секој испит посебно се објавуваат од УМК на училишната огласна табла или на друго видливо место достапно за кандидатите еден ден пред испитот.

Член 25

Просториите во кои се полага испитот треба да бидат подготвени за полагање најмалку 12 часа пред започнувањето на испитот.

Од просториите треба да бидат отстранети сите наставни средства и учебни помагала.

За секој кандидат се обезбедува клупа и стол. Растојанието меѓу двајца кандидати не треба да биде помало од 1,5 метри. Сите клупи треба да бидат свртени во иста насока.

УМК, најдоцна една седмица пред интерниот испит прави распоред на тестаторите по простории. За секои 15 кандидати се определува по еден тестатор.

Просториите во кои се полага испитот треба да бидат доволно пространи, светли и прегледни.

Кандидатот со себе треба да има документ за идентификација - лична карта, патна исправа или ученичка легитимација со фотографија и печат од матичното училиште.

На кандидатот кој заборавил да понесе со себе документ за идентификација, му се овозможува да го полага испитот, за што резервниот тестатор го известува претседателот на УМК. Претседателот на УМК стапува во контакт со родителите/старателите на кандидатот со барање потребниот документ да го достават најдоцна 30 минути пред завршување на испитот, во спротивно, испитот на кандидатот не му се признава.

Кандидатите со себе треба да носат прибор за пишување (пенкало кое пишува сино) и други средства кои се предвидени со испитната програма за соодветниот предмет.

Кандидатите во испитната просторија ги оставаат своите лични предмети на определено место за тоа. За време на испитот тестаторот и кандидатите не треба да носат мобилни телефони и други електронски направи.

Член 26

Тестаторот го отвора запечатениот испитен материјал пред кандидатите.

Кандидатите треба да ги слушаат насоките на тестаторот и да работат самостојно.

Освен кандидатите и тестаторите, на испитот може да присуствуваат и други лица кои имаат писмено овластување од ДИЦ.

Лицата од став 3 на овој член може да го следат целиот тек на испитот или дел од испитот.

На кандидатот кој задоцнил повеќе од 15 минути од почетокот на испитот не му се дозволува да полага.

За време на испитот кандидатот може да ја напушти просторијата, но не повеќе од пет минути, заедно со еден од резервните тестатори.

Просторијата не може да ја напушти повеќе од еден кандидат во исто време од групата на кандидати за кои е одговорен еден тестатор.

Првите 30 минути од почетокот на испитот и последните 15 минути пред крајот на испитот кандидатот не може да ја напушти просторијата.

Кандидатот може во секое време (освен времето наведено во став 8 од овој член) да го заврши испитот и после предавањето на испитниот материјал на тестаторот може да ја напушти просторијата. Кандидатот кој нема документ за идентификација останува во испитната просторија до крајот на испитот заради идентификација.

Испитот завршува во точно предвиденото време, согласно времетраењето на испитот. По завршувањето на испитот, тестаторот ги проверува, пакува и предава испитните материјали согласно добиеното упатство.

Тестаторот подготвува извештај за целиот тек на испитот и пополнува соодветни формулари.

Член 27

За секој интерен испит или дел од испит интерно спроведен, се води записник.

Спроведувањето на усмениот дел од испитите е во согласност со насоките дадени во испитните програми.

Член 28

Темата за проектната задача кандидатот може да ја предложи сам или во консултација со наставникот ментор, согласно критериумите за оценување на проектната задача во испитната програма. Проектната задача кандидатот ја подготвува самостојно воден од наставник- ментор.

Кандидатот самостојно го одбира менторот на проектната задача.

Наставникот-ментор може да има најмногу 30 кандидати за менторирање.

Член 29

Роковите за проектна задача се:

- најдоцна до крајот на ноември во учебната година во која полага државна матура кандидатот избира тема за проектна задача;
- најдоцна до крајот на март во учебната година во која се полага државната матура, кандидатот предава три примероци од пишаниот дел и еден примерок од изработениот продукт/творба од подготвената проектна задача до УМК.

Училиштето предадените примероци на проектни задачи ги архивира.

Член 30

Презентацијата и одбраната на проектната задача, се врши пред соодветна комисија.

За еден кандидат времетраењето на презентацијата и одбраната на проектната задача е најдолго 20 минути.

## V. ДРЖАВЕН МАТУРСКИ ОДБОР И КОМИСИИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА МАТУРА

Член 31

Државниот матурски одбор ги врши работите во врска со усогласување на подготовките за спроведувањето на државната матура, а особено:

- разгледува документи за организирање и спроведување на државната матура;
- разгледува годишни извештаи за спроведените матурски испити во гимназиското, стручното и уметничкото образование;
- предлага прагови на положеност за испитите кои се полагаат екстерно до Министерството за образование и наука;
- врши други работи кои се во функција на унапредување на државната матура во гимназиското, стручното и уметничкото образование.

Член 32

Државните матурски предметни комисии формирани од страна на директорот на ДИЦ, се составени од претседател и најмалку два члена.

Претседателот, по правило, е од редот на наставно-научниот кадар од универзитетите во Република Македонија, едниот од членовите е советник во ДИЦ, а другите членови се од редот на стручни лица од соодветниот наставен предмет.

Државна матурска предметна комисија се формира за секој од испитите во задолжителниот дел и изборниот дел од државната матура.

За проектната задача се формира државна матурска комисија за проектна задача составена од претседател и најмалку два члена од редот на соодветни стручни лица.

Член 33

Државната матурска предметна комисија за испитите кои се полагаат екстерно:

- изготвува испитна програма за соодветниот предмет;
- предлага изменување и дополнување на испитната програма;
- изготвува испитни задачи со упатства за нивно оценување;
- учествува во усовршувањето на упатството за оценување;
- учествува во одредување на прагот на положеност на испитот и во утврдување на границите на оценките;

- учествува во обуката на оценувачите;
- ги анализира резултатите од државната матура по соодветен наставен предмет;
- учествува во усовршувањето на наставниот кадар и другите стручни работници во функција на државната матура и
- врши други работи по барање на Државниот матурски одбор и ДИЦ.

Државната матурска предметна комисија за деловите од испитите, односно за испитите кои се полагаат интерно:

- изготвува испитна програма по соодветниот предмет;
- предлага измени и дополнување на испитната програма;
- учествува во усовршувањето на наставниот кадар и другите стручни работници во функција на матурскиот испит;
- и врши други работи по барање на Државниот матурски одбор и ДИЦ.

Член 34

Комисијата за изрекување мерки за нарушување на правилата за полагање на испитите од државната матура е составена од претседател, заменик претседател и тројца членови.

Претседателот на комисијата од став 1 на овој член, по правило е директорот на ДИЦ.

Заменик претседателот и членовите се од редот на советниците од ДИЦ кои ги именува директорот.

Член 35

УМК е составена од: претседател, заменик на претседателот, секретар и двајца членови.

Претседател на УМК, по правило, е директорот на училиштето.

Заменикот на претседателот, секретарот и членовите на УМК, се именуваат од директорот по предлог на наставничкиот совет на училиштето, на почетокот на учебната година за периодот од 1 октомври во тековната до 30 септември наредната учебна година.

Составот на УМК се објавува на огласната табла во училиштето најдоцна до крајот на септември во тековната учебна година.

Административно – организациските работи на УМК ги извршува секретарот.

Во училиштата каде постојат паралелки од гимназиско образование и стручно образование, како и во училиштата лоцирани во различни објекти на различни локации, бројот на членови на УМК, по потреба, може да се зголеми за уште три члена.

Член 36

УМК ги врши следните работи:

- соработува со ДИЦ во врска со подготовување, организирање и спроведување на државната матура;
- го подготвува полагањето на државната матура во училиштето, согласно овој правилник;
- го умножува испитниот материјал за интерните испити и се грижи за тајноста на испитните материјали;
- определува училишни предметни комисии за деловите од испитите коишто се полагаат екстерно, за испитите коишто се полагаат интерно, како и за проектните задачи;
- определува тестатори за писмените испити и распоред на тестаторите по простории за интерните испити;
- ги потврдува проектните задачи на кандидатите и ги потврдува или определува наставниците-ментори;
- го организира полагањето на државната матурата во училиштето и ги обезбедува условите за спроведување на матурата;
- ги прифаќа пријавите на кандидатите за полагање државна матура;

- ги евидентира пријавите на кандидатите за кои е потребно прилагодување на државната матура;
- за кандидатите за кои е потребно прилагодување на државната матура се грижи да обезбеди посебни услови за полагање на испитите, соодветно на потребите на секој кандидат;
- прави распоред (список) на кандидатите по простории за спроведување на интерните испити;
- ги определува термините за интерните испити согласно Календарот;
- го објавува распоредот за сите испити;
- одлучува за приговорите на кандидатите за интерниот дел од задолжителниот испит, интерниот испит односно за проектната задача;
- одлучува за приговорите на кандидатите кои го нарушиле испитниот ред за интерните испити;
- подготвува извештаи за резултатите од испитите;
- одлучува за оправданоста за ненавремено пријавување за државна матура;
- за кандидатот кој не учествувал на интерен испит или на дел од испит, одлучува за понатамошната постапка;
- извршува работни задачи во врска со приговорите на кандидатите согласно член 50 од овој правилник;
- извршува други задачи доделени од Државниот матурски одбор или ДИЦ.

Член 37

Училишната предметна комисиија, по правило, е составена од претседател и двајца членови.

Претседателот и членовите на училишните предметни комисии се именувани од директорот по предлог на наставничкиот совет, за време од 1 октомври во тековната до 30 септември наредната учебна година.

Во училишните предметни комисии, најмалку еден член е наставник по соодветниот предмет, а доколку тоа не може да се обезбеди, член на комисијата може да биде и наставник од друго училиште кој ги исполнува условите за наставник по тој предмет.

Член 38

Училишната предметна комисија за интерниот испит, односно интерниот дел од испитот ги врши следните работи:
- составува испитен материјал за интерните испити, односно интерниот дел од испитот (испитни прашања, упатство за оценување и скали за претворање на бодовите во оценки);
- го спроведува усниот дел од испитот;
- ги прегледува и оценува одговорите на кандидатите од интерниот писмен испит, односно интерниот дел од испитот;
- изготвува список со резултатите на кандидатите и го доставува до претседателот на УМК;
- извршува други задачи во врска со испитот или делови од испитот по соодветниот предмет.

По потреба за процесот на оценување, за еден предмет во училиштето може да се формираат повеќе предметни комисии.

Член 39

Комисијата за проектната задача ја сочинуваат: наставникот - ментор и двајца наставници по соодветниот или сроден наставен предмет, односно област. Претседателот и членовите на комисијата за проектната задача се именувани од директорот на училиштето по предлог на наставничкиот совет.

Претседател на комисијата за проектната задача не може да биде наставникот-ментор. Претседателот на комисијата се грижи за правилно изведување на испитот и води записник.

Член 40

Локалните координатори по правило се лица од редот на вработените од ДИЦ, Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука, а се определени од страна на ДИЦ.

Локалните координатори активно учествуваат во организирањето и спроведувањето на државната матура согласно насоките од ДИЦ.

Тестаторите за екстерните испити, по правило, се определуваат и обучуваат од ДИЦ, а се од редот на наставници, педагози, психолози или социолози од средните и од основните училишта. Тестаторите не може да го спроведуваат испитот во училиштата во кое се вработени.

Екстерниот испит го спроведува тестаторот согласно процедурите пропишани од ДИЦ.

Тестаторот, не може да биде наставник по предметот по кој се врши тестирањето.

Тестаторите за интерните испити се определуваат од страна на претседателот на УМК, од редот на наставниците во училиштето.

VI. ОЦЕНУВАЊЕ

Член 41

Оценувањето на знаењата и способностите на учениците за интерните и екстерните испити од државната матура се врши со бодови, кои потоа се претвораат во оценки од еден (1) до пет (5) за интерните испити, а во оценки и перцентилен ранг за екстерните испити.

Сите оценки се преодни, освен оценката еден (1).

Оценувањето го вршат оценувачи кои се определуваат и обучуваат од ДИЦ, а се од редот на наставниците во средните училишта кои реализираат настава по предметот што се оценува.

По исклучок, доколку за оценувач не може да се обезбеди наставник од средно училиште, се определува наставник од основно училиште, со завршено високо образование и кој реализира настава по предметот што се оценува.

Член 42

Предлог-прагот за оценката доволен (2) и за оценката одличен (5) за секој екстерен испит го определуваат стручни комисии по завршувањето на испитот, согласно процедурите за организирање и спроведување на екстерниот дел од државната матура.

Стручните комисии за определување на предлог прагот на положеност по конкретен наставен предмет, по правило се составени од тројца членови на државните матурски предметни комисии и тројца оценувачи.

Предлог-праговите од стручните комисии се доставуваат до Државниот матурски одбор. Државниот матурски одбор истите или изменети предлог-прагови ги доставува до министерот за образование и наука, кој донесува конечна одлука.

Критериумите за секоја од оценките за интерните испити училишните предметни комисии ги изготвуваат врз основа на испитните програми и испитните задачи за секоја година, пред спроведувањето на испитот.

Критериумите од став 4 на овој член се искажани преку описи на знаења, умеења и способности што кандидатот треба да ги покаже за секоја од оценките.

Скалите за претворање на бодовите во оценки за проектните задачи се подготвуваат од државната матурска комисија за проектна задача.

Проектната задача се оценува од соодветната училишна комисија така што подготвителната фаза и фазата на изработка се оценува од наставникот-ментор, а фазата на презентација и одбрана од другите двајца членови на комисијата.

Во оценката за проектната задача наставникот-ментор учествува со 50%, а останатите двајца членови со по 25%.

Оценките се даваат бројчано и описно (во записникот).

Член 43

Кандидатот ја положил државната матура ако по сите испити постигне резултат најмалку еднаков со прагот на положеност.

На кандидатот кој положил државна матура му се издава диплома.

Член 44

Прелиминарните резултати од екстерните испити се објавуваат на веб страната на ДИЦ, најдоцна 30 дена од спроведувањето на последниот екстерен испит.

Резултатите од испитите на државната матура до нивното објавување се чуваат во тајност.

Конечните резултати се објавуваат на веб страната на ДИЦ по рокот за разгледување на приговорите.

Резултатите од екстерните испити се објавуваат од страна на УМК на огласната табла во училиштето, еден ден по нивното примање од ДИЦ.

Резултатите од интерните испити и проектната задача се објавуваат на огласната табла во училиштето од страна на УМК најдоцна три дена по завршување на испитот по соодветниот предмет или по одбраната на проектната задача.

Од страна на УМК се објавуваат на огласната табла во училиштето и вкупните резултати од сите испити на државната матура.

Член 45

Кандидатот кој не ја положил државната матура се известува за постигнатиот успех по одделните делови од државната матура.

Испитите на кои кандидатот не добил преодна оценка ги полага во наредните испитни рокови, при што кон пријавата за полагање кандидатот доставува потврда за положените испити од државната матура од претходните испитни рокови.

Член 46

Кандидатот кој ги нарушува правилата за полагање на испитите од државната матура, може да биде опоменат, отстранет од испит или да му бидат поништени сите испити од државната матура и да му се забрани полагање во наредниот испитен рок.

Под нарушување на правилата од став 1 на овој член се подразбира:

- поседување и употреба на недозволен материјал во испитната просторија (хартија, мобилен телефон и други електронски направи);
- несоодветно однесување во текот на испитот (кога кандидатот се обидува да го прекине испитот, кога еден кандидат му смета на друг кандидат или кога кандидатот упатува закани кон тестаторите или набљудувачите на испитот);
- размена на информации поврзани со испитот;
- препишување од друг кандидат;
- полагање наместо друг кандидат;

- непредавање на целиот или на дел од испитниот материјал (тест-книшката и листата со одговори);

- дозволување сопствениот труд да го искористи друг кандидат и

- пишување на (недолични) знаци или содржини на тестот или листата за одговори кои не се поврзани со испитот.

Член 47

За нарушување на правилата за полагање на екстерните испити од член 46 од овој правилник, направени од страна на кандидатот, се изрекуваат следните мерки кои се степенувани:

- опомена;

- прекинување на испитот (отстранување од испит) и

- поништување на сите екстерни испити од државната матура и забрана за полагање во наредниот испитен рок

Опомена изрекува тестаторот односно набљудувачот, така што го опоменува кандидатот и го запишува во Формуларот за идентификација на кандидатите-Протокол.

Опомена се изрекува во случаите кога кандидатот:

- поседува недозволени средства кои не се пропишани со испитната програма (хартија, мобилен телефон или други електронски направи) за време на испитот;

- пишува (недолични) знаци или содржини во тестот или листата за одговори, кои не се поврзани со испитот;

- разменува информации поврзани со испитот.

По изречената опомена, доколку кандидатот продолжи да ги повторува прекршоците од став 3 на овој член, тестаторот во соработка со набљудувачот го прекинува испитот на кандидатот и му наложува да го напушти испитниот простор.

Во случаите на став 4 на овој член тестот на кандидатот не се оценува.

Мерката прекинување на испитот (отстранување од испитот) тестаторот односно набљудувачот ја изрекуваат во случаите кога кандидатот:

- препишува од друг кандидат;

- дозволува сопствениот труд да го искористи друг кандидат.

Тестаторот/набљудувачот изречената мерка ја евидентираат во Формуларот за идентификација на кандидатите-Протокол.

Мерката поништување на сите екстерни испити од државната матура и забрана за полагање на испитите во наредниот испитен рок се изрекува во случаите кога кандидатот:

- употребува недозволени средства кои не се пропишани со испитната програма (хартија, мобилен телефон или други електронски направи);

- полага наместо друг кандидат (замена на идентитет);

- не го предава целиот испитен материјал (тест-книшката и листата со одговори);

- несоодветно се однесува во текот на испитот (кога кандидатот се обидува да го прекине испитот, кога кандидатот упатува закани кон тестаторите или набљудувачите на испитот).

Тестаторот/набљудувачот ги евидентира нарушувањата на правилата за полагање на испитите од државната матура во Формуларот за идентификација на кандидатите-Протокол. Предлог за изрекување на мерката поништување на сите испити од државната матура и забрана за полагање на испитите во наредниот испитен рок, даваат тестаторот и набљудувачот преку УМК до ДИЦ.

Комисијата за изрекување на мерки при ДИЦ, најдоцна 3 дена по испитот, писмено го известува кандидатот за изречените мерка од став 8 на овој член.

Член 48

За нарушување на правилата за полагање на интерните испити направени од страна на кандидатот, се изрекуваат следните мерки кои се степенувани:

- опомена;
- прекинување на испитот (отстранување од испит);
- поништување на сите интерни испити од државната матура.

Опомена изрекува тестаторот, така што го опоменува кандидатот и го запишува во формуларот за спроведување на интерниот испитот.

Опомена се изрекува во случаите кога кандидатот:

- поседува недозволени средства кои не се пропишани со испитната програма (хартија, мобилен телефон или други електронски направи);
- пишува (недолични) знаци или содржини во тестот или листата за одговори кои не се поврзани со испитот;
- разменува информации поврзани со испитот.

По изречената опомена, доколку кандидатот продолжи да ги повторува прекршоците од став 3 на овој член, тестаторот го отстранува од испит и му наложува на кандидатот да го напушти испитниот простор.

Во случаите на став 4 од овој член, тестот на кандидатот не се оценува.

Мерката прекинување на испитот (отстранување од испитот) УМК ја изрекува во случаите кога кандидатот:

- препишува од друг кандидат;
- дозволува сопствениот труд да го искористи друг кандидат.

Мерката поништување на сите интерни испити од државната матура, на предлог на тестаторот, УМК ја изрекува во случаите кога кандидатот:

- употребува недозволени средства кои не се пропишани со испитната програма (хартија, мобилен телефон или други електронски направи);
- полага наместо друг кандидат (замена на идентитет);
- не го предава испитниот материјал;
- несоодветно се однесува во текот на испитот (кога кандидатот се обидува да го прекине испитот, кога кандидатот упатува закани кон тетстаторите или набљудувачите на испитот).

Тестаторот ги евидентира сите нарушувања на правилата за полагање на испитите во Формулар за спроведување на интерните испити.

Претседателот на УМК најдоцна од 24 часа писмено го известува кандидатот за изречената мерка од став 7 на овој член.

Член 49

Доколку набљудувачот констатира дека тестаторот не постапува согласно член 47 од овој правилник, или му помага на кандидатот во решавање на тестот, го отстранува тестаторот од испитната просторија и го заменува со некој од резервните тестатори.

Во случајот од став 1 на овој член, набљудувачот ги информира Претседателот на УМК и ДИЦ за извршената промена на тестаторот и тоа го евидентира во Формуларот за набљудување на државната матура.

Член 50

Кандидатот, доколку смета дека е направена грешка во оценувањето на испитните задачи, во пресметувањето на бројот на бодовите или во изведувањето на оценката, може да достави приговор на оценката од испитот.

Рокот за доставување приговор е најдоцна два дена по објавувањето на прелиминарните резултати од испитот.

Кандидатот приговорот за екстерните испити го поднесува до УМК. која приговорот го проследува до ДИЦ, најдоцна еден ден по завршување на рокот за доставување приговори.

Приговорот од став 3 на овој член се разгледува од страна на предметната комисија за приговори составена од три члена и тоа: член на соодветната државна матурска предметна комисија, претставник од ДИЦ и претставник од оценувачите, најдоцна седум дена од приемот на приговорот за јунскиот испитен рок и најдоцна четири дена за августовскиот испитен рок.

Предметните комисии за приговори се формираат од страна на ДИЦ.

Ако бројот на приговорите по одреден предмет е голем, може да се формираат повеќе од една комисија за приговори.

Со поднесувањето на приговорот кандидатот приложува копија од уплатница за трошоци за разгледување на приговорот.

Ако комисијата од став 4 на овој член врз основа на увидот во испитниот материјал констатира дека приговорот на кандидатот е основан, утврдува конечен број на бодови, а уплатените средства на кандидатот му се враќаат.

Кандидатот приговорот за испитите од интерниот дел го поднесува до УМК која го проследува приговорот до училишната предметна комисија.

Училишната предметна комисија го разгледува приговорот во присуство на еден член од УМК.

Кандидатот за резултатот од приговорот се известува најдоцна три дена од денот на приемот на приговорот.

Ако комисијата од став 9 на овој член констатира дека е направена грешка, во тој случај таа утврдува конечен број на бодови.

Кандидатот кој доставил приговор има право на увид во тестот.

Член 51

Кандидатот кој успешно ја положил државната матура и сака да го подобри успехот од еден или повеќе предмети, може повторно да полага наредната учебна година во јунскиот испитен рок.

На кандидатот од став 1 на овој член му се утврдува оценка што ја постигнал на повторното полагање.

Правото на подобрување на резултатот кандидатот може да го користи само еднаш.

Член 52

На кандидат од гимназиско образование кој го положил задолжителниот дел од државната матура, еден од изборните предмети и проектната задача по негово барање му се издава диплома за положена училишна матура.

На кандидат од стручно образование кој го положил задолжителниот дел од државната матура, стручниот изборен предмет и проектната задача по негово барање му се издава диплома за положен завршен испит.

На кандидат од уметничко образование кој го положил задолжителниот дел од државната матура, стручниот изборен предмет и проектната задача по негово барање му се издава диплома за положена училишна матура.

Член 53

Од страна на претседателот на УМК до крајот на септември се доставува извештај до ДИЦ за резултатите по интерните испити од државната матура, изготвуван согласно упатствата утврдени од ДИЦ.

Од ДИЦ, до крајот на октомври се доставува краен извештај за државната матура до Државниот матурски одбор.

## VII. ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА МАТУРА ЗА КАНДИДАТИТЕ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ ВО ГИМНАЗИСКОТО, СТРУЧНОТО И УМЕТНИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

### Член 54

УМК за кандидатите со посебни образовни потреби, го подготвува и осмислува начинот на прилагодување на интерните делови од матурскиот испит во консултација со ДИЦ.

Прилагодувањето на државната матура за кандидатите со посебни образовни потреби треба да биде соодветно на нивното искуство стекнато во наставниот процес.

### Член 55

Испитот за кандидатите со посебни потреби може да трае најмногу за 50% подолго од времето предвидено за испитот по соодветниот предмет.

Државната предметна матурска комисија односно УМК може да предвидат и време за одмор на кандидатот (пауза).

За кандидатите од став 1 на овој член се обезбедува посебна просторија. Ако испрашувачот е надворешен член се обезбедува внатрешен член на комисија и тестатор на испитот. Тестаторот на испитот обезбедува да не се нарушува испитниот ред.

### Член 56

За кандидатите со посебни образовни потреби може да се извршат следниве прилагодувања:

- техничко прилагодување на испитниот материјал;
- полагање со помошник;
- употреба на посебни помагала;
- наместо писмен, спроведување устен испит и обратно;
- прилагоден испит со употреба на Брајово писмо и/ или знаковен јазик;
- прилагодена подготовка на изготвување на проектната задача и нејзино оценување.

### Член 57

Кандидатот со посебни образовни потреби може да се ослободи од полагање на дел од испитниот материјал кој не е можно да се прилагоди.

### Член 58

За кандидатот со телесен инвалидитет или мултихендикеп, доколку е потребно, се обезбедува читач и запишувач на одговорите (помошник).

Помошник не може да биде негов наставник или негов роднина.

Помошник може да биде еден од членовите на испитната комисија.

### Член 59

Кандидатот со посебни образовни потреби може да користи компјутер.

Кандидатот не може да има пристап до било какви програми кои би му овозможиле полесно да го положи испитот. Една копија од одговорите на кандидатот се чува на надворешен преносен мемориски уред (флеш меморија, дискета, DVD, CD), а една копија се печати, а потоа претседателот на испитната комисија одговорите на кандидатот ги брише од компјутерот.

Член 60

За кандидат со посебни образовни потреби усниот дел од испитот може да се замени со писмен.

Кандидатот со тешки пречки во говорот, може да се ослободи од усниот дел од испитот, или истиот да го полага со асистиирање на интерпретатор.

Член 61

Кандидатот со оштетен слух може да се ослободи од усниот дел од испитот, или истиот да се спроведе со помош на интерпретататор на знаковен јазик.

На кандидатот со оштетен вид (слабовиди и слепи ученици) треба да му се обезбеди во текот на испитот да користи видно и Брајово писмо.

Член 62

Презентацијата и одбраната на проектната задача треба да се прилагодат така што кандидатот може да ги покаже своите знаења и способности.

## VIII. ПРЕОДНА И ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 63

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на полагањето и оценувањето на резултатите на учениците на испитите во државната матура во гимназиското, средното стручно и во уметничкото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/07, 68/08 и 61/09).

Член 64

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-3355/1
10 мај 2010 година
Скопје

Министер,
**Никола Тодоров**, с.р.